

# ИЗВОЗ

***Сè што треба да знаеш за извоз.***

Со постапката на **извоз,** царинскиот орган одобрува домашна стока да се изнесе од царинското подрачје. Извозот вклучува примена на формалности за извоз и изнесување и мерки на трговската политика.

Продавачот или испраќачот на таква стока е **извозник.**

**Се прашуваш како функционира испраќањето на еден прозивод надвор од границите на твојата држава?**
**Проследи го целиот процес.**



## ПОДГОТОВКА

Пратката што треба да се испрати надвор од границите на нашата држава се подготвува во соодветно пакување за меѓународен транспорт.

## ДОКУМЕНТИ

Заедно со производот, се подготвуваат документи од кои најважна и задолжителна е **трговската фактура.** Покрај фактурата, во зависност од барањата на земјата увозник може да биде потребно пакинг **листа/испратница** и/или **доказ за потекло на производот.**

**Трговската фактура** треба да ги содржи следниве информации:

- Име и адреса на извозникот (правно лице или име на трговец-поединец)
- Име и адреса на увозникот (партнер за дистрибуција, посредник или краен корисник)
- Адреса на испорака
- Нето и бруто маса, димензии на пакувањето
- Точен опис на стоката
- Количина на стоката, број и вид на пакувања
- Цена
- Услови на испорака и плаќање
- Земја на потекло



Покрај фактурата, во одредени земји на испорака со кои С. Македонија има склучено договори за слободна трговија, а со цел купувачот да не плати царина, потребно е да биде изготвен доказ дека производите се со **македонско потекло.**

Ова може лесно да се направи со пополнување на **изјава за потекло** во трговската фактура, што може да ја направи секој извозник за стока чија вредност не надминува износ од **6.000 евра** по поединечна пратка.



## ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

За пратката да може да го **напушти** царинското подрачје на С. Македонија треба да се поднесе **царинска декларација.**

Царинската декларација може да биде поднесена од страна на е-трговецот, но може да биде поднесена и од **царински застапник - шпедитер** или од **испраќачот** - Македонска пошта или брзите пошти.

Исто така царинската декларација може да биде поднесена во **редовна** или во **поедноставена царинска постапка.**

## РЕДОВНА ИЛИ ПОЕДНОСТАВЕНА ЦАРИНСКА ПОСТАПКА

Кај **редовната** царинска постапка, **извозната царинска декларација** треба да се поднесе за секоја пратка во моментот на испраќање/извоз на пратката, што со оглед на брзината и трошоците не е препорачливо за е-трговците.

Кај **поедноставените царински постапки**, е-трговецот има можност да поднесе една царинска декларација за сите пратки што ги испратил во текот на еден ден, без оглед на бројот на пратките и на бројот на купувачите. За вакво нешто, потребно е одобрение од Царинската управа. Оваа постапка се препорачува за е-трговци што имаат **поголем обем на работа**.



Доколку се избере редовната извозна царинска постапка, се поднесува царинска декларација ЕЦД во безхартиена електронска форма. Извоз на пратка ќе може да се направи само доколку:

- Декларацијата е потпишана со дигитален сертификат
- Ги содржи сите неопходни податоци
- Е-трговецот ги има приложено сите потребни документи (член 73 од ЦЗ)
- Стоката е ставена на увид на царинскиот орган (член 73 од ЦЗ)

Доколку пратката се изнесува преку пошта, царинскиот орган при излез е оној орган во кој се презема пратката под еден транспортен договор за транспорт во друга земја од страна на поштенските служби.

## ИСПРАЌАЊЕ НА ПРАТКАТА

За да се испрати пратка, е-трговецот може да ги користи услугите на **Македонска пошта** што има одобрение за поедноставени царински постапки и целата работа може да се заврши во било која филијала на Македонската пошта на територијата на државата. Претходно треба да се **контактира шпедицијата** на Македонската пошта. Тие можат да ја преземат пратката или истата да се однесе во било која експозитура на пошта и да биде извозно оцаринета од Македонската пошта по нејзиниот прием.

Пратката може да биде предадена и на **компаниите за брзи пошти**, што можат во било кое време да извршат извозно царинење на пратката.



Доколку е-трговецот сака самостојно да ја испрати пратката, треба самостојно да поднесе **електронска безхартиена царинска декларација.** Оваа декларација се поднесува кај надлежната царинска испостава за извоз - таа е **царинската испостава Пошта Скопје**, врз основа на потврда за прием на пратката за извоз издадена на шалтерите на Македонска пошта. Оваа декларација се поднесува преку **Порталот за трговци за извоз** или со **електронска размена на податоци (ЕРП)** преку веб сервиси, а за идентификација на извозната операција се користи **Референтен број на движењето (РБД).**

Е-трговецот има право да избере дали сака да користи редовна извозна царинска постапка или поедноставена извозна царинска постапка - но е едно е задолжително - треба да поднесе **царинска декларација.**

**По завршувањето на целиот процес, твојата пратка пристигнува кај крајниот купувач!**